# ДАЛИ ОПШТИНА КАРПОШ ДИСКРЕЦИОНО ДОДЕЛУВА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ?

Анализа на случај на Центарот за управување со промени (ЦУП)

## ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

1. Општина Карпош, на 7 февруари 2024 година, на својата веб страница и социјални медиуми, објави повик за субвенционирање на млади луѓе за посета на обуки за полагање за возачка дозвола[1].

2. Општината нема никаде објавено јавен повик во форма на управен акт, ниту пак одлука на советот на Општина Карпош со која се утврдува оваа надлежност на Општината да субвенционира обуки за возачка дозвола. Не е спомнат ниту архивскиот број на овие акти.

   Бидејќи овие акти не се објавени, не можеме да се утврди врз основа на која законска одредба Општината гообјавува јавниот повик, за кој има одделено 7.000.000 денари (113.636 евра) од општинскиот буџет.

   На крајот од текстот на веб страницата на Општината е наведено дека „Правото на субвенција е еднократно [...]“. Од ова може само да се претпостави дека Општината оваа мерка ја третира како „еднократна парична помош“, ценејќи според праксата на Општина Центар и Кисела Вода, чие постапување веќе беше детално анализирано во последното истражување на ЦУП „Дискреционите овластувања како потенцијален ризик од корупција“.

---

[1] Јавен повик на веб страницата на Општина Карпош https://karpos.gov.mk/%d1%81%d1%83%d0%b1%d0%b2%d0%b5%d0%bd%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%bc%d0%bb%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%bf%d0%be%d1%88%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%ba%d0%be%d0%b8-%d1%9c%d0%b5/

Дополнително, од спроведен увид во службениците гласници на Општина Карпош[2] за псоледните 4 месеци, не се забележува одлука на Советот на Општината со која се утврдува надлежноста на општината и следствено одделување на средства од општинскиот буџет.

3. На повикот има објавено критериуми кои се однесуваат на прагот на примања на семејствата и избор на авто-школа која има склучено договор со Општината.
   Во повикот има постапка од две фази. Но, нема утврдено рокови за постапување од страна на Општината, ниту има предвидено жалбена постапка по одлуката на Општината.

   Во втората фаза од постапката, општината наведува дека апликантите треба да достават „Барање за субвенционирање за поврат на одреден износ на уплатени средства, од вкупниот износ за  обука за теоретска и практична обука“,

4. Општина Карпош нема образложено како е составена листата од 7 авто-школи кај кои апликантите треба да имаат уплатено за полагање за возачки дозволи, со цел да бидат подобни за добивање на субвенции. На јавниот повик на веб страницата на Општината нема ниту наведено архивски број на одлука со која се избираат овие авто-школи или број на Службен гласник на Општината во кој е содржана ваквата одлука.

5. Другите општини немаат објавено ваков јавен повик, што јасно се поставува прашањето, зошто токму Општина Карпош има потреба од ваква мерка? Исто така, непостоење на ваква мерка во другите општини, ги става во нееднаква положба младите луѓе од тие општини.

6. Напомена ! – Поддршката на младите луѓе е многу важна и општините треба да имаат свој придонес. На пример општината може да инвестира во подобрување на условите на младите во училишата и во образовниот процес. Значи, тој придонес мора да биде согласно принципот на законитост т.е. да биде експлицитно предвидено со закон и во комплетна согласност со Законот за општа управна постапка, како при објавување на повик, така и при одлучувањето по доставени апликации. Во спортивно, постои опасност од создадавање на пракса на дискреционо доделување на финансиски средства од општинскиот буџет, по различни основи кои не се експлицитно предвидено со закон.

   За постоењето на ваква пракса укажува извештајот на ЦУП „Дискреционите овластувања како потенцијален рзиик од корупција“[3], каде анализирани се општините Центар, Кисела Вода, Карпош и Кичево.

7. Дополнително, секогаш постои дилемата зошто токму вакви јавни повици се објавуваат непосредно пред избори.

---

[2] Службен гласник на веб страницата на Општина Карпош
https://karpos.gov.mk/%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA/
[3] Дискрециони овластувања како потенцијален ризик од корупција, Центар з аупраувување со промени
https://cup.org.mk/publication/discretionary-powers-as-a-potential-risk-of-corruption

# КАДЕ Е ДИСКРЕЦИЈАТА?

Од изложената фактичка состојба, може да заклучиме дека Општина Карпош дискреционо постапила во следните ситуации:

1. Општина Карпош очигледно црпи имплицитно дискреционо овластување за доделување на финансиски средства за оваа цел од некоја општа/широка законска одредба, бидејќи ваква експлицитна одредба не постои во Законот за локална самоуправа[4]. Па, така, општината сама си доделила надлежност и ова е најголемата дискреција, која општинскиот буџет го чини 7.000.000 денари (113.636 евра).

2. Општина Карпош нема утврдено рокови за постапување на општината, што значи дека оваа постапа може да трае неразумно долго, колку што службениците ценат дека е потребно. Иако општините се обврзани со Законот за општа управна постапка[5], но тоа треба општината да го направи експлицитно и видливо во својот јавен повик.

3. Општина Карпош нема наведено како се избрани седумте авто школи кај кои апликантите терба да бидат запишани за да бидат подобни за рефундирање на средства. Ова може да влијае негативно врз конкуренцијата на пазарот, бидејќи не е јасно како овие седум авто-школи се селектирани, дали исполниле одредени критериуми и кои се тие критериуми, како и дали се избрани преку пропишана постапка која ќе гарантира и право на жалба за одбиените субјекти/правни лица.

   Доколку не постоела ваква постапка, тоа значи дека Општина Карпош овие седум сибјекти ги третира поповолно од останатите, со што сериозно ја нарушува конкуренцијата и претставува  сериозен ризик од корупција и дискриминација на субјектите.

Напомена!

Необјавувањето на официјалните акти на Општина Карпош во врска со овој повик, ја отежнува секоја анализа на овој случај. Исто така, ова е спротивно на принципите на добро управување со јавната администрација и принципите за транспарентност и отчетност при работата на институциите од јавниот сектор.

[4] Член 22 став 1 од Законот за локална замоуправа https://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_lokalnata_samouprava.pdf пропишува листа на андлежности на општините, која е составена од 10 точки и ниту една од нив нема експлицитна надлежност за доделување на финансиски средства за ваква цел.

[5] Закон за локална самоуправа член 22 став 2 https://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_lokalnata_samouprava.pdf и Закон за општа управна постапка член 2 став 1, 2 https://aa.mk/content/zakon_za_opstata_upravna_postapka.pdf